


SI ISO 9001 Q-1441

**3.03.2025-Понеделник**

## НАСТАНИ




**<u>Предавање на тема: "Карцином на дојка"</u>**

Денеска (3 март 2025 година), во Народниот театар-Гевгелија, со почеток во 18:00 часот, ќе се одржи предавање на тема: „Карцином на дојка“. На предавањето, излагање ќе имаат специјалисти од: Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија, Универзитетска клиника за тораковаскуларна хирургија, Универзитетски институт за радиологија, Универзитетски институт за радиотерапија и онкологија и претставници на Здружение посветено на пациенти со рак и нивни негуватели „ХЕМА - ОНКО“.

Ова предавање е во соработка со Општина Гевгелија, по иницијатива на ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија, со цел ваквите кампањи да бидат што повеќе застапени во текот на годината, не само во Месецот посветен за подигање на свеста за карциномот на дојка- Розовиот октомври. По тој повод, се повикува женската популација од општина Гевгелија и соседните општини, да земе присуство на предавањето што ќе опфати излагања за превенцијата, дијагнозата и третманот на карциномот на дојка, како и за естетскиот зафат за реконструкција на дојките преку споделување лично искуство на претставничка од „ХЕМА - ОНКО“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




## 3.03.2025-Понеделник




### "Танго приказна" на 5 март, во организација на Домот на културата

На 5 март 2025 година, во хотел „Аполонија“, со почеток во 19:00 часот, гевгеличани ќе имаат можност да уживаат во концертниот настан „Танго приказна“. Од страна на камерниот состав „Агогик“ ќе бидат изведени танго композиции, милонги, валцери од најпознатите композитори на тангото, како А. Пјацола, Ф. Канаро, К. Гардел и други познати композитори, а сето тоа збогатено со сценскиот настап на Владанка Колева и Онур Мок од „Центар 213“. Овој настан е дел од програмата за „Гевгелија град на културата за 2025 година, а е во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија. Влезот е слободен.

Музичко-сценскиот настап „Танго приказна“ има за цел доближување на танго културата, музиката и на танцот до широката македонска публика.

Камерниот состав „Агогик“ во состав Филип Петрески на хармоника, Ајхан Куртов на пијано и Пламенка Трајковска на виолина повеќе од 15 години ја носи магијата на танго музиката кај нас. Досега настапиле на речиси сите македонски сцени и познати манифестации како „Скопско лето“, „Бит-фест“, „Штипско културно лето“, „Топол културен бран“, „Кавадаречка културна есен“, „Велешко културно лето“ и многу други настапи на концертните сцени во Македонија и на концерти во Србија и во Грција. Владанка Колева и Онур Мок од „Центар 213“, кои досега настапиле на повеќе домашни и странски сцени во Словенија, Хрватска, Босна и на други танго сцени.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**3.03.2025-Понеделник**




## На 6 март, 27. по ред "За тебе љубов моја"

Поетско-музичката вечер „За тебе љубов моја“, на 6 март 2025 година, ќе го доживее своето 27. издание. Во хотел „Аполонија“, со почеток во 19:30 часот, ќе се рецитира и пее за жената во пресрет на 8 Март. Овогодишни учесници на традиционалната манифестација се: Силвестер и Матеа Проле, Слободанка Арнаудова, Даниела Џишева и Тони Аврамов, Ања Поп-Костова, Петар Јанчев, Катица Џишева Дупарова, Светлана Стојковиќ и Каме Ќаев, Анастасија Зафирова, Бисерка Макревска, Розита Андонова, Зоки Кундурџиев, Ангела Зафирова, Лабрина Лазарова, Стефчо Стефанов и Елена Поп-Костова. Специјален гостин е познатиот македонски артист, Игор Џамбазов.

Влезот е слободен. Традиционалната Поетско-музичка манифестација „За тебе љубов моја“ е дел од културно-уметничките настани од програмата за „Гевгелија град на културата за 2025 година“ и е поддржана од Општина Гевгелија во 2025 година, од Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**3.03.2025-Понеделник**

## ИНФОРМАЦИИ



### По 5 децении, реконстурирана улицата "Браќа Миладинови" во Гевгелија

Завршија градежните активности за реконструкција на улицата „Браќа Миладинови“ во Гевгелија, на површина од 1200 м2. Со новиот асфалт, по 5 децении, улицата доби нов лик. Поради лошата состојба, пред асфалтирањето беше извршено гребење и пополнување на долниот слој на повеќе места, а проширен е и влезот со нови рабници на соодветна висина.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека оваа улица поради големата оштетеност беше дел од приоритетните проекти за реализација во тековната 2025 година. По реконструкцијата и извршувањето на барањата на граѓаните кои гравитираат кон „Браќа Миладинови“, им се овозможени услови за непречено одвивање на сообраќајот.



**Реализирана првата младинска обука од Проектот: "Информирај се! Активирај се" на РЦОР- Гевгелија**

Во рамките на Проектот: „Информирај се! Активирај се!" што го имплементира Регионален центар за одржлив развој-Гевгелија, на 28 март 2025 година, се реализираше првата обука на тема: „Градење капацитети за Законот за младинско учество и младински политики". На обуката учествуваа членовите на Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет, службеникот за млади во Општина Гевгелија и претставници на невладините организации коишто работат со млади.

Со помош на знаењето и искуството на обучувачот Зоран Илиевски од Коалиција „СЕГА", младите од Гевгелија со работа во групи и презентации го диксутираа Законот за младинско учество и младински политики и ги проширија хоризонтите за надлежностите на младинските тела на локално ниво.

Проектот: „Информирај се! Активирај се!" е поддржан и финансиран од Општина Гевгелија.




ISO 9001
Q-1441

## 3.03.2025-Понеделник




### Спроведена Обука за здрава исхрана за деца, на ЛАГ "Бојмија"

Во просториите на игротеката “Kiddy Adventure“ успешно беше реализирана Обуката за здрава исхрана за деца, со цел подигнување на свеста за важноста на правилната исхрана од најмала возраст. Обуката беше реализирана преку интерактивен пристап и ги запозна малите учесници со основите на здрава и балансирана исхрана.

Целната група беа деца. Во текот на обуката, децата учествуваа дискусиите за клучните принципи на здрава исхрана - кои намирници треба да бидат редовен дел од нивната исхрана, а кои треба да се избегнуваат. Преку разни примери и активности, дечињата имаа можност да научат за важноста на зеленчукот, овошјето и протеините во нивната исхрана, како и за негативните ефекти на преработената храна и слатките.

Обуката вклучуваше и практична работилница, со можност децата да дадат свои идеи за здрава исхрана. Преку групни активности и игри, учесниците научија како да избираат здрава храна и да ја разликуваат од нездравата, но и како да ги прават здравите избори секојдневно.

Обуката беше организирана од ЛАГ „Бојмија“, заедно со партнерите: Нутриционист Валентина Глигорова „БИДИ ЗДРАВ“, „ЈОУДГ Детска Радост - Гевгелија“,„ООЦК Црвен крст Гевгелија“, „Маркети Солун 53“ како и „ Мрежата за рурален развој“ кои придонесоа за успешното реализирање на обуката за здрава исхрана. Поддршката од партнерите е клучна за обуката да биде успешна и корисна за дечињата. Целта на овие обуки е да се продолжи да се работи заедно и да се создаваат нови можности за едукација за здрав начин на живот, каде што поддршката од локалната заедница е најзначајна.



## 3.03.2025-Понеделник

# ОБЈАВИ



**Стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа по Нацрт-Измена и дополнување на ГУП за Блок 10, Општина Гевгелија**

Општина Гевгелија организира стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа по Нацрт-Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија и јавна презентација и јавна анкета за Нацрт-Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5), КО Гевгелија, општина Гевгелија.

Стручната расправа по Нацрт-Измената и дополнувањето на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и Јавната анкета по Нацрт-Измената и дополнувањето на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) се спроведуваат како обединета постапка со времетраење од 30 дена.

Јавната презентација со стручно презентирање на Нацрт-Измената и дополнувањето на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија и Нацрт-Измена и дополнувањето на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5), КО Гевгелија во аналогна форма се одржа на 05.02.2025 г.

Јавната расправа за Нацрт-Измената и дополнувањето на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) со која ќе се стави на увид и проверка пред широката јавност, ќе се одржи на 05.03.2025 година (среда), со почеток во 12:00 часот, во Малата сала на Народниот театар-Гевгелија.

Стручната расправа по Нацрт-Измената и дополнувањето на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) ќе се одржи на 13.03.2025 година (четврток), во 12:00 часот, во Малата сала на Народниот театар-Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

Вкупната површина на планскиот опфат што се применува при изработка на Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија, изнесува 777.000,00 m2 односно 77,7 ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците. Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- на запад осовина на улица „7 Ноември“;
- на север улица „Новопланирана 8“ и улица „Новопланирана 3“;
- на исток улица „Борис Кидриќ“;
- на југ булевар „Гевгелија“.

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена:

- А - домување - А2-Домување во станбени згради,
- Б - комерцијални и деловни намени,
- (А, Б) - комерцијална зона,
- В - јавни институции - В4 - државни институции,
- Г- производство, дистрибуција и сервиси - Г2- лесна индустрија - Г3- сервиси - Г4- стоваришта,
- Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори - Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило,
- Е - инфраструктура- Е1- комунална инфраструктура- Е2- комунална супструктура- бензинска пумпна станица со придружни содржини- Е3- некомпатибилна инфраструктура- трафостаница 110кВа.

Вкупната површина на планскиот опфат што се применува при изработка на Измената и дополнувањето на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5), општина Гевгелија, изнесува 40.211,00 m2 односно 4,02 ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на новопланирана сервисна улица „3“ и по граници на катастарски парцели;



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

- од исток опфатот е дефиниран по граница на катастарски парцели, по осовина на новопланирана сервисна улица „5“ и новопланирана сервисна улица „1“;
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на булевар „Гевгелија“;
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Борис Кидриќ“.

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена:
- Б - комерцијални и деловни намени,
- Д - зеленило, рекреација и меморијални простори,
- Е - инфраструктури.

Во утврдениот рок за јавна анкета, заинтересираните граѓани и правни лица како и државните органи и други институции на анкетни листови ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења по Нацрт-Измената и дополнувањето на Деталeн урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Стручната јавност може да ги достави своите забелешки, предлози и мислења по Нацрт-Измената и дополнувањето на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034), најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.
Урбанистичките планови се изложени на огласната табла во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб-страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk , а информации за истите може да се добијат секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

## 3.03.2025-Понеделник




### На 6 март, средба за претставување на Програмата за наводнување- Систем Конско

Единицата за имплементација на Програмата- ЕИП ги известува граѓаните дека на 6 март 2025 година (четврток), во Народниот театар- Гевгелија ќе се одржи средба на тема: „Претставување на Програмата за наводнување- Систем Конско, геодетско снимање, животна средина и социјални аспекти“. Средбата ќе започне во 19:00 часот. Се покануваат сите сопственици или корисници на земјоделско земјиште од атарот на Гевгелија, Моин и Ново Конско да земаат учество на средбата, на којашто ќе биде презентирана Шемата за наводнување Конско (6.500 ха) и обезбедувањето вода за земјоделците.

Средбата во општина Гевгелија се организира како дел од активностите во рамки на Програмата за наводнување што за нејзиното спроведување е одговорно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Целта на Програмата е зголемена одржливост на земјоделското производство, со тоа што водните ресурси ќе бидат подостапни и поефикасни и да се подобрат условите за живот на руралното население.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk